Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.07.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3690 | 1 | |

# Извештај

**за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2014 година**

**Јули 2014 година**

**СОДРЖИНА:**

ВОВЕД ... 3
1. ЗАКОНСКА РАМКА ... 4
2. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ... 7
3. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА ... 8
4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 9
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ... 10

## ВОВЕД

Овој Извештај ги опфаќа активностите што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги презеде во насока на заштитата на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2014 година.

За овој период е карактеристично тоа што започна да се применува новата регулатива во медиумската сфера, односно на 03.01.2014 година, стапија на сила Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14 и 44/14) и Законот за медиуми (Службен весник на Република Македонија бр.184/13 и 13/14).

Во првиот дел од Извештајот – „Законска рамка" направен е краток осврт на законските одредби од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, насловена како „Заштитата на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги", кои се однесуваат на сопственоста на радиодифузерите, промените во сопственичката структура, ограничувањата за стекнување сопственост и анти-концентрациските мерки, и на членот 13 „Јавност во работата на издавачите на медиуми" од Законот за медиуми, во кој се предвидени обврски за радиодифузерите со цел да се обезбеди транспарентност во нивното работење, кон надлежното регулаторно тело – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од една страна, но и директно кон јавноста, од друга.

Вториот дел од Извештајот – „Промени на сопственичката структура" се однесува на промените на сопственоста кај радиодифузерите кои беа направени во извештајниот период, а третиот – „Недозволена медиумска концентрација" на активностите на Агенцијата во насока на спречување недозволена медиумска концентрација.

Во последниот, односно четвртиот дел од извештајот – „Јавност во работата на радиодифузерите" се претставени сите активности што во првата половина од 2014 година беа преземени со цел да се обезбеди транспарентност во работењето на радиодифузерите согласно членот 13 од Законот за медиуми (Службен весник на Република Македонија бр.184/13 и 13/14).

## 1. ЗАКОНСКА РАМКА

Во периодот кој го опфаќа овој Извештај започна да се применува новата медиумска регулатива во Република Македонија. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14 и 44/14) стапи на сила на 03.01.2014 година. Во членот 6 од овој Закон се наведени вкупно 16 надлежности на Агенцијата, помеѓу кои и *„се грижи за обезбедување јавност во работата на радиодифузерите“*, *“се грижи за заштита на плурализмот на аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“* и *“утврдува постоење недозволена медиумска концентрација“*.

Во Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, насловена како „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“, се вградени вкупно десет члена со кои се регулираат прашањата во врска со ограничувањата за стекнување сопственост, недозволената медиумска концентрација и промените на сопственичката структура на радиодифузерите.

Со новата законска регулатива тајното содружништво е целосно забрането, односно таен содружник не може да учествува со паричен или непаричен влог во радиодифузер (член 34). Како основачи на радиодифузери не може да се јават странски лица кои се регистрирани во земји во кои согласно со прописите на тие земји не е дозволено или не е можно да се утврди потеклото на основачкиот капитал (член 35 став 2). Целосна забрана за стекнување учество во сопственоста на радиодифузерите предвидена е и за политичките партии, државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, носителите на јавни функции и членовите на нивните семејства (член 38).

Странските физички и правни лица може да основаат или да се стекнуваат со учество во сопственоста на радиодифузер под истите услови кои важат и за домашните физички и правни лица (член 35 став 1).

Во членот 39 е утврдено дека не е дозволено, односно дека ќе се смета дека постои недозволена медиумска концентрација кога едно лице се јавува истовремено како основач или управител на радиодифузер и како основач или управител на:

1. издавач на печатен медиум којшто издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма
2. новинска агенција
3. друштво за реклама и пропаганда
4. друштво за истражување на пазарот и јавното мислење
5. друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела
6. друштво за филмска продукција
7. оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

Исто така, недозволена медиумска концентрација постои и кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како поврзани лица (согласно член 36) и како основачи на радиодифузери спротивно на одредбите од член 37.

Во членот 37 предвидени се праговите кои се однесуваат на хоризонталната интеграција на капиталот, односно на интеграција на капиталот помеѓу два или повеќе радиодифузери. Едно лице (физичко или правно) истовремено може да се јавува како основач на:

- Еден радиодифузер што има дозвола за обезбедување телевизиско/радио емитување на државно ниво и во уште еден радиодифузер на државно ниво, но само до 50% од основната главнина или од правото на одлучување во тој радиодифузер, на уште еден радиодифузер на регионално ниво и на најмногу два на локално ниво.

- Два радиодифузери што имаат дозвола да емитуваат на несоседски региони и на уште два локални радиодифузери, кои емитуваат исто така на несоседски подрачја.

- Три локални радиодифузери што имаат дозвола да емитуваат на несоседски подрачја.

Во членот 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги предвидена е обврска за радиодифузерите за секоја планирана промена на сопственичката структура претходно да ја известат Агенцијата. Радиодифузерите не смеат да ја спроведат промената на сопственичката структура без претходно да добијат одобрение од Агенцијата.

Прашањата во врска со обезбедување јавност во работењето на радиодифузерите се уредени со Законот за медиуми (Службен весник на Република Македонија бр.184/13 и 13/14), кој стапи на сила на 03.01.2014 година.

Согласно членот 13 став 1 од овој Закон, радиодифузерите се должни најдоцна до 31 март во тековната година во Агенцијата да достават податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,
- податоци за одговорниот уредник/уредници,
- податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично),
- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и
- податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Исто така, во членот 13 став 3 предвидена е обврска за радиодифузерите податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма најмалку три пати годишно и снимка од објавената содржина да му доставaт на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

## 2. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Во првата половина од 2014 година промена во сопственичката структура извршија вкупно четири радиодифузери, од кои една регионална телевизија и три локални радиостаници.

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница побара согласност за истапување на физичкото лице Петре Костадинов, кој беше единствен сопственик на радиодифузерот и за пристапување на физичкото лице Дафинка Костадинова од Виница. Откако беше констатирано дека не постојат законски пречки за да се реализира планираната промена на сопственичката структура на оваа радиостаница, Агенцијата донесе одлука за одобрување на промената.

Во февруари 2014 година известување за промена на сопственичката структура поднесе Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ од Скопје. Имено, по смртта на единствениот сопственик на оваа регионална радиостаница, физичкото лице Стојан Давчев, со Решение за оставинска постапка наследник на оставината беше неговиот син, физичкото лице Зоран Давчев од Скопје. Согласно своите законски надлежности, Агенцијата испита дали постојат законски пречки физичкото лице Зоран Давчев да се јави како основач на радиодифузер. Откако беше констатирано дека планираната промена е во согласност со Законот, Агенцијата ја одобри промената.

Трговското радиодифузно друштво РАДИО-МЕРЛИН, Фатмир, ДООЕЛ, Дебар до Агенцијата поднесе известување дека планира да се изврши промена на сопственичката структура, при што целосно би истапил единствениот сопственик, физичкото лице Фатмир Карамети од Дебар, а како нов сопственик на радиодифузерот би пристапило физичкото лице Арбер Кица од с.Велешта Струга. Со оглед на тоа дека не постоеа законски пречки, односно дека не се создаваше недозволена медиумска концентрација, Агенцијата издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО-МЕРЛИН, Фатмир, ДООЕЛ, Дебар.

Трговското радиодифузно друштво МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово поднесе известување за промена на сопственичката структура, според кое беше планирано истапување на тогашните сопственици, физичките лица Љубиша Јовановски и Бобан Јовановски и пристапување на физичкото лице Сузана Андоновиќ од Куманово. Агенцијата донесе одлука со која ја одобри оваа промена, со оглед на тоа дека не постоеја законски пречки физичкото лице Сузана Андоновиќ да се јави како основач на радиодифузер.

## 3. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Во ноември 2013 година беше констатирана недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово, во смисла на тоа дека еден од основачите на радиодифузерот, физичкото лице Љубиша Јовановски, кој поседуваше 50% од основната главнина, истовремено се јавуваше и како основач на трговско друштво регистрирано за снимање на звучни записи и издавање на музички записи. Согласно членот 13 став 3 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност (Службен весник на Република Македонија бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13), кој престана да важи со влегувањето во сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 03.01.2014 година, недозволена медиумска концентрација се сметаше дека постои и кога како основачи на радиодифузери се јавуваат физички и правни лица кои се истовремено: *„...основачи на друштво за филмска продукција...„*. Според Националната класификација на дејности која почна да се применува од 01.01.2009 година, шифрата 92.11/0 – филмска продукција кореспондира со одделот кој ги опфаќа следните дејности: 59.11-Дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, 59.12-Дејности кои следат после производството на филмови и видео филмови и телевизиска програма, 59.13-Дејности на дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма, 59.14-Прикажување на филмови и 59.20-Снимање на звучни записи и издавање на музички записи. Радиодифузерот беше должен, во рок не подолг од три месеци од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот. Рокот за услогласување беше 19.02.2014 година, кога веќе на сила беше новата медиумска регулатива.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14 и 44/14) стапи на сила на 03.01.2014 година. Членот 39 - „Недозволена медиумска концентрација" гласи: *„ Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како: поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон, основачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон, основачи на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма; основачи на новинска агенција, основачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми."*

Од напред наведеното произлегува дека констатираното прекршување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност од страна на ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово не е предвидено како прекршување на правилата за недозволена медиумска концентрација содржани во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14 и 44/14).

## 4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во април 2014 година беше извршен административен надзор над сите радиодифузери во врска со исполнувањето на обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми (Службен весник на Република Македонија бр.184/13 и 13/14), според кој тие беа должни најдоцна до 31 март до Агенцијата да достават податоци за сопственичката структура, уредништвото и економското работење. Од вкупно 142 радиодифузери, вкупно 137 ја исполнија оваа обврска. Согласно Законот за медиуми, на петте радиодифузери кои не ги доставија податоците Агенцијата им упати мерка писмена опомена и им даде дополнителен рок од 45 дена да ја исполнат оваа обврска. По истекот на рокот беше извршен контролен административен надзор над овие пет радиодифузери, при што беше констатирано дека три од нив (локалните телевизии Трговско радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово и Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово и локалната радиостаница – Трговско радиодифузно друштво РТВ Дрини ДООЕЛ Струга) ја исполниле обврската, локалната радиостаница Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште, Долнени во меѓувреме по сила на закон го изгуби правото да врши радиодифузна дејност, а локалната радиостаница Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга и во дополнителниот рок не ја исполни оваа обврска. Согласно Законот за медиуми, Агенцијата започна постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на оваа радиостаница.

Во мај 2014 година беше извршен административен надзор врз исполнувањето на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според кој радиодифузерите беа должни податоците за сопственичката структура, уредништвото и економското работење да ги објават на сопствената програма најдоцна до 31 март и во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата да достават снимка од објавата. Со надзорот беше констатирано дека оваа обврска не ја исполниле само три радиодифузери (локалните радиостаници Трговско радиодифузно друштво РАДИО БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште, Долнени, Трговско радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга и Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга). Согласно Законот за медиуми, Агенцијата на овие три субјекти им изрече мерка писмена опомена и им даде дополнителен рок од 45 дена да ја исполнат оваа обрска.

Во јуни 2014 година Агенцијата достави допис до сите радиодифузери, со цел да им укаже на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, најдоцна до 30 јуни на сопствената програма да ги објават податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање во претходната година и во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата да доставаат снимка од објавата. Следењето на исполнувањето на оваа обврска е во тек.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во периодот од првите шест месеци од 2014 година ниту еден радиодифузер не изврши промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во овој период известувања за планирана промена на сопственичката структура до Агенцијата достави вкупно четири радиодифузери – една телевизиска станица која емитува програма на регионално ниво и три радиостаници кои имаат дозвола да емитуваат на локално ниво. Во сите четири постапки, откако констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

Во овој период не беа констатирани нови случаи на недозволена медиумска концентрација. Агенцијата констатираше дека претходно констатираното прекршување од страна на една локална радиостаница, а кое се однесуваше на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, не претставува прекршување согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Обрвската за доставување податоци од работењето до Агенцијата не ја исполнија само пет радиодифузери. Три од нив ги доставија податоците во дополнителниот рок, а една локална радиостаница во текот на дополнителниот рок го загуби правото да врши радиодифузна дејност. Само една локална радиостаница воопшто не ја исполни оваа обврска и за оваа радиостаница Агенцијата започна постапка за одземање на дозволата. На првиот предвиден рок – 31 март, на сопствената програма податоците од работењето не ги објавија само три локални радиостаници и, согласно одредбите од Законот за медиуми, Агенцијата им даде дополнителен рок од 45 (четириесетипет) дена да ги отстранат прекршувањата на законските одредби.